# АКЦИСКИ ПЛАН

## ЗА

## ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

## НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

## ЗА ПЕРИОДОТ 2015 – 2017 ГОДИНА

**април, 2015 година**

## СОДРЖИНА

ВОВЕД......................................................................................................................................3

ЦЕЛИ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН.......................................................................................................5

АКТИВНОСТИ ВО АКЦИСКИОТ ПЛАН........................................................................................6

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА ПЕРИОДОТ 2015 – 2017 ГОДИНА......................................................................................7

ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН.............................................................21

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА...................................................................................................22

## ВОВЕД

Одговорите на сегашните и идните потреби за соработка на Општина Струмица со младите се дефинирани во *Стратегијата за млади на Општина Струмица 2015 – 2020*. Стратегијата содржи дефинирана визија, водечките принципи за нејзината имплементација, како и стратешките приоритети и мерки за постигнување на зацртаната визија.

Стратешката карта на Општина Струмица во областа на младите, претставува приказ на причинско-последичната поврзаност на целите во постигнувањето на визијата за соработка на Општината со младите до 2020 година. Оваа нивна поврзаност и меѓусебните односи во спроведувањето на Стратегијата се дадени низ четирите перспективи:

- Задоволни граѓани;
- Обезбедување услуги;
- Развој на капацитетите и
- Управување со буџетот.

Стратешките приоритети (цели) се дефинирани врз основа на темелни анализи на секоја перспектива посебно (стратегиите).



**УПРАВУВАЊЕ СО БУЏЕТОТ:**




**ПРИНЦИПИ/ВРЕДНОСТИ:**

- **РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ**
- **ЕДНАКВОСТ**
- **МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ**
- **ТРАНСПАРЕНТНОСТ**
- **ОТЧЕТНОСТ**
- **АКТИВНО УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ**
- **ДОСТАПНОСТ**
- **ИНОВАТИВНОСТ**
- **ОДГОВОРНОСТ**
- **СОЛИДАРНОСТ**
- **СОРАБОТКА**

## ЦЕЛИ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Главната цел на *Акцискиот план за спроведување на Локалната стратегија за млади на Општина Струмица за периодот 2015 – 2017 година* е да развие клучни активности кои треба да се спроведат за да се обезбеди успешна имплементација на Стратегијата. Заедно, Стратегија и Акцискиот план ќе бидат основните алатки кои ќе ја водат Општина Струмица низ процесите заради постигнување на својата визија за развојот, местото и улогата на младите во општината во периодот 2015 – 2020 година.

Акцискиот план ги дефинира активностите за соработка на Општината со младите кои треба да се преземат во периодот 2015 – 2017 година. Спроведувањето на Стратегијата во овој временски период се заснова врз критериумите на приоритетна потреба и реален пристап до финансиски средства за реализација на активностите согласно предвидениот буџет на Општината и другите извори на финансирање. Притоа, дел од дефинираните активности ќе бидат започнати и завршени во предвидената временска рамка, додека дел од нив ќе започнат во овој временски период, но нивната целосна реализација ќе биде завршена во периодот предвиден за целосно спроведување на Стратегијата (2020). За таа цел, кон крајот на 2017 година треба да се изработи акциски план за периодот 2018 – 2020 година.

Поради фактот дека овој акциски план е проектиран врз основа на претпоставени капацитети и достапни финансиски средства, постои реална можност дел од дефинираните активности, иако наведени, да не бидат реализирани во периодот на важност на овој документ. Доколку постојат основа и услови за нивна реализација, тие ќе бидат префрлени во следниот акциски план 2018 – 2020.

Со оглед на фактот дека во Општина Струмица не постои посебно одделение ниту сектор за соработка со младите, спроведувањето на Акцискиот план на годишно ниво ќе се одвива преку годишните програми изработени за различни области на надлежности на Општина Струмица или, пак, со изработка на посебна меѓусекторска програма за соработка со младите. Во овие програми, активностите предложени во Акцискиот план дополнително ќе бидат разработени во проекти кои јасно ќе ги дефинираат проектните цели и очекувани разултати, индикаторите, потребните трошоци, како и одговорните субјекти за нивната реализација. При дефинирањето на индикаторите, ќе се внимава да се дефинираат родово одговорни индикатори, онаму каде проектните цели дозволуваат.

Рамката на Акцискиот план е направена врз основа на *Стратегијата за млади на Општина Струмица 2015 – 2020*, која и официјално беше усвоена од страна на Советот на општината на седницата одржана во декември 2015 година. Процесот на акциското планирање се изведе во соработка со засегнатите страни – учесници на планирачките сесии

(работилници) – и низ процес на јавни расправи и консултации со надлежните структури и граѓанскиот сектор во општина Струмица.

## АКТИВНОСТИ ВО АКЦИСКИОТ ПЛАН

Дефинираните активности ја дооформуваат Стратегијата, а со нивната реализација, таа се исполнува. Тие се конкретни акции кои се дизајнирани и кои треба да се преземат во рамки на мерките, а со намера да се постигнат стратешките приоритети (цели) во секоја од четирите перспективи. Активностите се мошне разновидни и поради фактот што дефинираните стратешки приоритети се комплексни и може да бидат постигнати единствено преку преземање мноштво најразлични чекори.

Во основа, активностите изискуваат човечки, технички и материјални ресурси за нивно реализирање.

Во процесот на идентификување на активностите претставени во Акцискиот план, беа земени предвид следниве фактори:

- Да се однесуваат на идентификуваните мерки од Стратегијата. Потребата активноста да биде јасно идентификувана и изразена од засегнатите страни.
- Спроведувањето на активноста да биде поддржано од засегнатите страни и партнери во процесот на имплементација.
- Активноста да има влијание врз развојот на соработката помеѓу општината и младите. Влијанието на активноста треба да биде артикулирано во форма на индикатор (показател) кој ќе го мери самото влијание во текот на времето.
- Активностите да бидат реалистични и остварливи од технички и финансиски аспект.
- Активностите да бидат поврзани и меѓусебно да се поддржуваат. Тие треба да бидат компатибилни меѓу себе и да создадат заемно прифатливи и добитни решенија.
- Овозможување на еднаков пристап до и еднакви придобивки од активностите за сите млади во општината, без разлика на нивниот пол.

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА ПЕРИОДОТ 2015 – 2017 ГОДИНА

| **ОПШТИНА:** Струмица | **ОБЛАСТ:** Млади |
|---|---|

| **ПЕРСПЕКТИВА:** Задоволни граѓани (23%) |
|---|

| **Приоритет:** ЗГ 1. Зголемување на улогата на организациите на младите како партнер на Општината (12%) | **Показател** 1.1 Бројот на поддржани организации на младите | |
|---|---|---|
| | **Почетна вредност:** | **Целна вредност:** 30 |

| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Програма за развој на младински иницијативи** | 1. Истражување на потребите за изработка на програма за развој на младинските иницијативи | 1. Промовирани наодите од истражувањето | август 2015 | 30.000 ден./ буџет на Општината | НВО |
| | 2. Обуки за креирање и поттикнување младински иницијативи | 1. Број на обуки на годишно ниво | континуирано на годишно ниво | 60.000 ден./ буџет на Младински совет | Младински совет, ЦЗ |
| | 3. Организација на јавни настани за промоција на иницијативи | 1. Број на настани на годишно ниво<br>2. Број на учесници (разделени по пол) | континуирано на годишно ниво | 30.000 ден./ буџет на Општината | Одделение за ЛЕР, Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа |
| | 4. Мобилизирање на младите за да учествуваат во имплементација на иницијативи | 1. Идентификувани најмалку 3 области годишно за поведување младински иницијативи<br>2. Број на учесници (разделени по пол )во имплементацијата на иницијативите | континуирано на годишно ниво | ТДО[1] / ТДО[2] | Младински организации |

| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.2 Креирање модели за комуникација со организациите на** | 1. Креирање база на младински организации | 1. База на младински организации | јули 2015 | ТДО / ТДО | ЦЗ, Одделение за управување со човечки ресурси и обуки |

[1] Треба да се одреди (ТДО) износот во зависност од целната вредност (која се сака да се постигне) на показателот на активноста

[2] Треба да се одреди (ТДО) изворот во зависност од расположивите достапни извори за финансирање на активностите

| ОПШТИНА: Струмица | | | ОБЛАСТ: Млади | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ПЕРСПЕКТИВА: Задоволни граѓани (23%) | | | | | |
| **Приоритет:** ЗГ 1. Зголемување на улогата на организациите на младите како партнер на Општината (12%) | | **Показател** 1.1 Бројот на поддржани организации на младите | | | |
| | | **Почетна вредност:** | | **Целна вредност:** 30 | |
| **младите** | 2. Креирање заеднички веб-портал и страница на фејсбук | 1. Функционален и актуелен веб-портал<br>2. Функционална и актуелна страница на фејсбук | крај на 2015 | 30.000 ден./ буџет на Општината | Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа, Одделение за управување со човечки ресурси и обуки |
| | 3. Поддршка на финансирање на иницијативи за учество на натпревари. | 1. Број на поддржани млади (момчиња и девојки) на годишно ниво | континуирано на годишно ниво | ТДО / Буџет на општината, други извори | Одделение за јавни дејности, Одделение за образование, бизнис сектор, |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **1.3 Мерки за вклучување на младите од градот Струмица и од руралните средини во проектите** | 1. Информативни средби за запознавање со Програмата | 1. Број на средби на годишно ниво<br>2. Број на учесници (разделени по пол) | континуирано на годишно ниво | ТДО / ТДО | Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа |
| | 2. Поттик за формирање здруженија во руралните средини | 1. Број на формирани здруженија (во секоја мз)<br>2. Број на здруженија кои реализирале најмалку по 3 проекти годишно<br>3. Процент на момчиња и девојки членови во Управните одбори на ново формираните здруженија | континуирано на годишно ниво | ТДО / ТДО | Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа, ЦЗ |
| | 3. Обука за проектен циклус и изработка на апликации | 1. Број на обуки на годишно ниво<br>2. Број на учесници (разделени по пол) | континуирано на годишно ниво | 30.000 ден./ буџет на општината и ЦЗ | ЦЗ, Одделение за меѓународна соработка и фондови на ЕУ, Одделение за ЛЕР |
| | 4. Поддршка за аплицирање на повици | 1. Број на поднесени апликации на годишно ниво<br>2. Број на одобрени апликации на годишно ниво | континуирано на годишно ниво | ТДО / ТДО | ЦЗ, Одделение за ЛЕР |

<table>
<tr><td colspan="3">ОПШТИНА: Струмица</td><td colspan="3">ОБЛАСТ: Млади</td></tr>
<tr><td colspan="6">ПЕРСПЕКТИВА: Задоволни граѓани (26%)</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2">Приоритет: ЗГ 2. Зголемување на вклученоста на младите момчиња и девојки во процесите на одлучување (5%)</td><td colspan="4">Показател 2.1 Степенот на задоволство на младите момчиња и девојки од нивната вклученост во процесите на одлучување</td></tr>
<tr><td colspan="2">Почетна вредност:</td><td colspan="2">Целна вредност: 70%</td></tr>
<tr><td>Мерки/Иницијативи</td><td>Активности</td><td>Показател за активноста:</td><td>Период на имплементација:</td><td>Финансиски износ/извор:</td><td>Одговорен за имплементација:</td></tr>
<tr><td rowspan="3">2.1 Воспоставување нови методи и концепти за вклученост на младите во процесот на одлучување</td><td>1. Истражување добри практики за нови методи и концепти</td><td>1. Публикувани наодите од истражувањето</td><td>крај на 2015</td><td>ТДО / буџет на Општината</td><td>НВО, ЦЗ</td></tr>
<tr><td>2. Идентификување на начините за примена на добри практики</td><td>1. Број на организирани тркалезни маси</td><td>континуирано на годишно ниво</td><td>ТДО / ТДО</td><td>ЦЗ, Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа</td></tr>
<tr><td>3. Имплементација на нови методи и концепти за вклученост</td><td>1. Број на нови методи и концепти за вклученост на младите момчиња и девојки во одлучувањето на годишно ниво</td><td>континуирано на годишно ниво</td><td>ТДО / ТДО</td><td>Одделение за ЛЕР, Советот на општината</td></tr>
</table>

| ОПШТИНА: Струмица | | | ОБЛАСТ: Млади | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЕРСПЕКТИВА: Задоволни граѓани (26%)** | | | | | |
| **Приоритет:** ЗГ 3. Намалување на миграцијата на младите (8%) | | **Показател** 3.1 Стапка на миграција на младите луѓе | | | |
| | | **Почетна вредност:** | | **Целна вредност:** <20% | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **3.1 Поддршка на програмите за ангажирање на младите едуцирани луѓе** | 1. Изработка на програма за волонтирање | 1. Усвоена програма за волонтирање | 2016 | ТДО / ТДО | Одделение за управување со човечки ресурси и обуки |
| | 2. Поддршка на стартап бизниси на млади (за финансирање идеи) | 1. Поддржани 10 стартап бизнис-идеи на млади момчиња и девојки на годишно ниво | 2016 – континуирано на годишно ниво | 600.000 ден./ донација, буџет на Општината | Сектор за финансиски прашања, Одделение за ЛЕР |
| | 3. Поддршка на млади специјализанти на годишно ниво | 1. Број на поддржани трудови<br>2. Број на барања од млади специјализанти (податокот да биде разделен по пол) | 2016 – континуирано на годишно ниво | 300.000 ден./ донација, буџет на Општината | Одделение за ЛЕР |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **3.2 Мерки во образованието на младите за потребите на пазарот на трудот** | 1. Анализа на пазарот на труд | 1. Публикувани наодите од истражувањето со податоци разделени по пол | крај на 2015 | ТДО / ТДО | Одделение за образование |
| | 2. Барања за нови профили | 1. Нови профили во образованието | 2016-2017 | ТДО / ТДО | Одделение за образование |
| | 3. Програма за практична настава во бизнис-секторот | 1. Изработена програма | до јуни 2016 | 300.000 ден./ бизнис сектор | Одделение за образование, бизнис-сектор |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **3.3 Мерки за поддршка на младите од руралните средини** | 1. Поддршка за аплицирање за ИПАРД програмата | 1. Број на апликации | континуирано на годишно ниво | ТДО / ТДО | Одделение за ЛЕР |
| | 2. Координирање со активностите на централната власт | 1. Број на координирани активности | континуирано на годишно ниво | ТДО / ТДО | Одделение за ЛЕР, Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа |
| | 3. Формирање рурална мрежа од младински организации | 1. Број на младински организации | јануари – јуни 2016 | 30.000 ден./ буџет на Општината | Одделение за ЛЕР, Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа |

| ОПШТИНА: Струмица | | | ОБЛАСТ: Млади | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ПЕРСПЕКТИВА: Обезбедување услуги (23%) | | | | | |
| **Приоритет:** ОУ 1. Воспоставување на интернационален младински центар (ИМЦ) за размена на знаења и искуства (10%) | | **Показател** 1.1 Степенот на функционалност на интернационалниот младински центар за размена на знаења и искуства | | | |
| | | **Почетна вредност:** | | **Целна вредност:** >70% | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **1.1 Изработка на акциски план за изградба и воспоставување на интернационален младински центар за размена на знаења и искуства** | 1. Подготовка на физибилити студија | 1. Изработена студија | јануари – јуни 2016 | 120.000 ден./ донација, буџет на Општината | Одделение за ЛЕР, Младински совет |
| | 2. Промоција на идеја за изградба и воспоставување на ИМЦ | 1. Организирани најмалку 5 настани за промоција на ИМЦ<br>2. Изработена видеопрезентација за ИМЦ | септември – октомври 2016 | 180.000 ден./ донација, буџет на Општината | Младински совет, ЦЗ |
| | 3. Дефинирање локација | 1. Усвоен ДУП | јануари – јуни 2016 | 180.000 ден./ донација, буџет на Општината | Одделение за урбанизам |
| | 4. Поготовка на техничка документација | 1. Изработена техничка документација | октомври – декември 2016 | 36.000 ден./ донација, буџет на Општината | Одделение за урбанизам |
| | 5. Изнаоѓање финансиски средства (донации) | 1. Прифатена апликација за финансирање | декември 2016 – јануари 2017 | Донација, буџет на Општината | Одделение за ЛЕР, Младински совет |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **1.2 Изработка на програма за интернационална размена на знаења и искуства** | 1. Изработка на база на отворени повици за студиски посети | 1. Достапна база | јуни – декември 2015 | ТДО / ТДО | Младински совет, ЦЗ, Одделение за ЛЕР |
| | 2. Студиски посети | 1. Број на студиски посети на годишно ниво<br>2. Број на млади учесници (податокот да биде разделен по пол) | континуирано на годишно ниво | ТДО / фондови на ЕУ | Младински организации |

| **ОПШТИНА: Струмица** | | | **ОБЛАСТ: Млади** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЕРСПЕКТИВА: Обезбедување услуги (23%)** | | | | | |
| **Приоритет:** ОУ 2. Зголемен број и квалитет на услуги за младите (8%) | | **Показател** 2.1 Бројот на поддржани услуги за потребите на младите | | | |
| | | **Почетна вредност:** | **Целна вредност:** >8 | | |
| | | **Показател** 2.2 Степенот на задоволство на младите од квалитетот на услугите | | | |
| | | **Почетна вредност:** | **Целна вредност:** >70% | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **2.1 Вклучување на младите во креирањето на услугите** | 1. Вклучување на младите момчиња и девојки во процесите на креирање развојни програми преку сите форми на учество | 1. Процент на учество на младите момчиња и девојки вклучени во процесот на креирање на развојни програми. | континуирано на годишно ниво | ТДО / ТДО | Соодветни сектори и одделенија |
| | 2. Учество на младите мпмчиња и девојки на форумите на заедницата | 2. Процент на учество на младите момчиња и девојки на Форумот на заедниците | континуирано на годишно ниво | ТДО / ТДО | Соодветни сектори и одделенија |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **2.2 Анализа и развој на услуги на локално ниво за потребите на младите** | 1. Идентификување услуги за потребите на младите | 1. Публикувани наодите од истражувањето | мај 2016 | ТДО / ТДО | Младински совет |
| | 2. Презентација на резултатите од анализата меѓу различните засегнати страни | 1. База на податоци на даватели и приматели на услуги (разделена по пол) | мај 2016 | ТДО / ТДО | Младински совет, ЛЕСС |
| | 3. Поддршка за вклучување на младите во креирањето на идентификуваните услуги | 1. Број на идентификувани услуги<br>2. Број на приматели на услуги (разделена по пол) | октомври 2016 | ТДО / буџет на Општината, други извори | Одделение за ЛЕР, Младински Совет |

<table>
<tr><td colspan="3">ОПШТИНА: Струмица</td><td colspan="2">ОБЛАСТ: Млади</td></tr>
<tr><td colspan="5">ПЕРСПЕКТИВА: Обезбедување услуги (23%)</td></tr>
<tr><td rowspan="6">Приоритет: ОУ 3. Промоција на модели за усогласување на понудата и побарувачката на пазарот на труд (6%)</td><td colspan="4">Показател 3.1 Бројот на денови поминати на практична настава во текот на школувањето</td></tr>
<tr><td colspan="2">Почетна вредност:</td><td colspan="2">Целна вредност: >60</td></tr>
<tr><td colspan="4">Показател 3.2 Процентот момчиња и девојки ~~на~~ вработени по завршување на средното стручно училиште</td></tr>
<tr><td colspan="2">Почетна вредност:</td><td colspan="2">Целна вредност: >30%</td></tr>
<tr><td colspan="4">Показател 3.3 Бројот на обуки во неформалното образование</td></tr>
<tr><td colspan="2">Почетна вредност:</td><td colspan="2">Целна вредност: >30</td></tr>
</table>

| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1 Унапредување и развој на формалното образование за млади** | 1. Анализа на успехот и квалитетот на наставата | 1. Публикувани наодите од истражувањето | декември 2015 – март 2016 | ТДО / ТДО | Одделение за образование |
| | 2. Анализа на воннаставните активности | 1. Публикувани наодите од истражувањето | декември 2015 | ТДО / ТДО | Одделение за образование, Младински совет |
| | 3. Истражување за потребите од нови наставни и воннаставни активности | 1. Публикувани наодите од истражувањето | декември 2015 | ТДО / ТДО | Одделение за образование, Младински совет |
| | 4. Јавна расправа: Практичната настава во образованието во Струмица | 1. Промовирани заклучоци од јавната расправа | декември 2015 | ТДО / ТДО | Одделение за образование, ЦЗ, Младински совет |
| | 5. Анализа на пазарот на труд | 1. Публикувани наодите од истражувањето | декември 2015/континуирано | ТДО / буџет на Општината, други извори | Одделение за образование, ЦЗ, Младински Совет, младински НВО... |

| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.2 Унапредување и развој на неформалното образование за млади** | 1. Анализа на потребите за доквалификација и преквалификација на младите | 1. Публикувани наодите од истражувањето | септември – ноември 2015 | ТДО / ТДО | Одделение за образование, Младински совет, сите даватели на неформално образование |
| | 2. Презентација на потребите за неформално образование на младите | 1. Публикувани наодите од истражувањето | октомври – декември 2015 | 30.000 ден./ буџет на Општината | Одделение за образование |

| **ОПШТИНА:** Струмица | | | **ОБЛАСТ:** Млади | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЕРСПЕКТИВА: Развој на капацитетите (25%)** | | | | | |
| **Приоритет:** РК 1. Изградба на силни и активни организации на младите (9%) | | **Показател** 1.1 Бројот на реализирани проекти на годишно ниво | | | |
| | | **Почетна вредност:** | **Целна вредност:** 40 | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **1.1 Планирање и спроведување обуки за организациите на младите** | 1. Обуки за младинско активно граѓанство | 1. Број на учесници на обуката на годишно ниво (податокот да биде разделен по пол) | март 2015 – континуирано на годишно ниво | 35.000 ден./ ЦЗ | ЦЗ, Младински совет, Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа |
| | 2. Обуки за проектен менаџмент | 1. Број на учесници на обуката на годишно ниво(податокот да биде разделен по пол) | септември 2015 – континуирано на годишно ниво | 45.000 ден./ ЦЗ | ЦЗ, Младински совет, Одделение за ЛЕР |
| | 3. Обука за буџетско планирање | 1. Број на учесници на обуката на годишно ниво (податокот да биде разделен по пол) | септември 2015 – континуирано на годишно ниво | 35.000 ден./ ЦЗ | ЦЗ, Младински совет, Сектор за финансиски прашања, Одделение за ЛЕР |
| | 4. Едукација на младите од улица | 1. Организирани најмалку 4 обуки годишно | 2016 / континуирано на годишно ниво | 120.000 ден. / донација | Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа, Одделение за образование, ЦЗ |
| | 5. Тркаленза маса: Улогата на младите во Месните и Урабните Заедници во опш. Струмица | 1. Организирана тркалезна маса | 2016 континуирано на годишно ниво | ТДО / буџет на Општината, други извори | Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа, ЦЗ, МЗ и УЗ, Младински Совет, Одделение за ЛЕР, НВО... |
| | 6. Обуки за млади во МЗ и УЗ | 1. Број на обуки на годишно ниво<br>2. Број на учесници на обуките на годишно ниво (податокот да биде разделен по пол) | 2016 континуирано на годишно ниво | ТДО / буџет на Општината, други извори | Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа, ЦЗ, МЗ и УЗ, Младински Совет, Одделение за ЛЕР, НВО... |

| **ОПШТИНА: Струмица** | | | **ОБЛАСТ: Млади** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЕРСПЕКТИВА: Развој на капацитетите (25%)** | | | | | |
| **Приоритет:** РК 2. Зголемување на ангажманот на организациите на младите во реализацијата на националните политики за младите (5%) | | **Показател** 2.1 Бројот на реализирани проекти во функција на националните политики за младите | | | |
| | | **Почетна вредност:** | **Целна вредност:** 10 | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **2.1 Идентификување и развој на проектни апликации врз основа на националните политики за млади** | 1. Идентификување проектни идеи | 1. Список на проектни идеи | јануари 2016 – континуирано на годишно ниво | ТДО / ТДО | Младински совет, Одделение за ЛЕР |
| | 2.Изготвување годишна програма на приоритетни проекти кои се во согласност со Националната стратегија за млади | 1. Список на приоритетни проекти | јануари – јуни 2016 – континуирано на годишно ниво | ТДО / ТДО | Младински совет, Одделение за ЛЕР |
| | 3. Поддршка при процесот на подготовка на проектни апликации | 1. Поддржана подготовката на најмалку 4 проектни апликации на годишно ниво | континуирано на годишно ниво | ТДО / ТДО | ЦЗ, Одделение за меѓународна соработка и фондови на ЕУ, младински организации |

| **ОПШТИНА: Струмица** | | | **ОБЛАСТ: Млади** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЕРСПЕКТИВА: Развој на капацитетите (25%)** | | | | | |
| **Приоритет:** РК 3. Намалување на миграцијата и одливот на едуцирани млади (11%) | | **Показател** 3.1 Стапката на миграција на младите едуцирани луѓе | | | |
| | | **Почетна вредност:** | **Целна вредност:** <20% | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **3.1 Поддршка на развојот на програмите за развој на компетенциите** | 1. Анализа на стапката на иселување на едуцирани млади | 1. Број на иселени млади (податокот да биде разделен по пол) | септември 2015 – континуирано на годишно ниво | ТДО / ТДО | ЦЗ, младински организации |
| | 2. Организирање јавна дебата: „Зошто да останам?“ | 1. Заклучоци и препораки од јавната дебата | ноември 2016 | 30.000 ден./ ЦЗ | ЦЗ, Одделение за ЛЕР |
| | 3. Вработување едуцирани млади во бизнис-секторот, со финансиска обврска на Општината да го покрива ангажманот 6 месеци | 1. Најмалку 20 компании потпишале договор за соработка<br>2 Најмалку 40 млади се ангажирани (податокот да биде разделен по пол) | 2017 | 3.600.000 ден./ буџет на Општината, донација | Градоначалник, бизнис-сектор |

<table>
<tr><td colspan="3">ОПШТИНА: Струмица</td><td colspan="3">ОБЛАСТ: Млади</td></tr>
<tr><td colspan="6">ПЕРСПЕКТИВА: Управување со буџетот (29%)</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="4">Приоритет: УБ 1. Буџет за зголемување на младинскиот активизам (9%)</td><td colspan="4">Показател 1.1 ПРОЦЕНТОТ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИТЕ ЗА МЛАДИ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Почетна вредност:</td><td colspan="2">Целна вредност: 3%</td></tr>
<tr><td colspan="4">Показател 1.2 БРОЈОТ НА ПОДДРЖАНИ ИНИЦИЈАТИВИ НА ГОДИШНО НИВО</td></tr>
<tr><td colspan="2">Почетна вредност:</td><td colspan="2">Целна вредност: 10</td></tr>
<tr><th>Мерки/Иницијативи</th><th>Активности</th><th>Показател за активноста:</th><th>Период на имплементација:</th><th>Финансиски износ/извор:</th><th>Одговорен за имплементација:</th></tr>
<tr><td rowspan="4">1.1 Мерки за вклучување на младите во планирањето на буџетот</td><td>1. Опен фест</td><td>1. Број на млади изведувачи(податокот да биде разделен по пол)<br>2. Број на посетители на настанот(податокот да биде разделен по пол)</td><td>јули – август 2015</td><td>ТДО / Буџет на Општината за Младински совет</td><td>Младински совет, бизнис-сектор, Одделение за јавни дејности</td></tr>
<tr><td>2. Саем за промоција на бизнис-заедницата со младинските организации</td><td>1. Број на штандови на бизнис-заедницата и на младински организации<br>2. Број на посетители(податокот да биде разделен по пол)</td><td>мај – јуни 2016</td><td>1.000.000 ден./ буџет на Општината</td><td>Одделение за ЛЕР, ЦЗ, младински организации, бизнис-сектор</td></tr>
<tr><td>3. Логистичко-истражувачки услуги од младински организации за бизнис-секторот</td><td>1. Публикувани наодите од истражувањето</td><td>јуни – декември 2015</td><td>180.000 ден./ бизнис- сектор, за свои потреби</td><td>ЦЗ, младински организации, граѓански сектор, think-thank младинск здружение</td></tr>
<tr><td>4. Младински музички фестивал</td><td>1. Одржан фестивал<br>2. Број на млади изведувачи (податокот да биде разделен по пол)</td><td>2016</td><td>ТДО / Буџет на Општината за култура</td><td>Одделение за јавни дејности, Младински совет</td></tr>
</table>

| ОПШТИНА: Струмица | | | ОБЛАСТ: Млади | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЕРСПЕКТИВА: Управување со буџетот (29%)** | | | | | |
| **Приоритет:** УБ 2. Развој на модели за вклучување на бизнис-секторот во финансирањето на организациите на младите (7%) | | **Показател** 2.1 Бројот на поддржани иницијативи на годишно ниво | | | |
| | | **Почетна вредност:** | | **Целна вредност:** 10 | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **2.1 Стимулативни мерки за бизнис-заедницата за поддршка на организациите на младите** | 1. Задолжително вклучување и присуство на младите момчиња и девојки во форумите на заедницата | 1. 20% од бројот на присутни се млади момчиња и девојки | октомври – декември 2015 | ТДО / ТДО | Одделение за ЛЕР |
| | 2.Формирање совет на млади од урбаните и руралните средини | 1. 28 претставници од урбаните и месните заедници со подеднакво учество на момчињата и девојките | јуни –декември 2015 | 200.000 ден./ Младински совет | Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа , Одделение за ЛЕР, ЦЗ, Младински совет, Совет на МЗ и УЗ |
| | 3. Формирање младински спортски здруженија (од УЗ и МЗ) | 1. Формирани 5 здруженија | Октомври - декември 2015 | ТДО / ТДО | Одделение за јавни дејности, Совет на МЗ и УЗ, Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа |
| | 4. Тркалезна маса: „Младите и спортот“ | 1. Учество на 70% од поканетите момчиња и девојки | септември –октомври 2015 | ТДО / ТДО | Одделение за јавни дејности |

| **ОПШТИНА: Струмица** | | | **ОБЛАСТ: Млади** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЕРСПЕКТИВА: Управување со буџетот (29%)** | | | | | |
| **Приоритет:** УБ 3. Зголемување на користењето на средства од ЕУ и од другите фондови (6%) | | **Показател** 3.1 Висината на средствата од буџетот на Општината за поддршка на аплицирањето и имплементацијата на проекти од ЕУ и од други фондови | | | |
| | | **Почетна вредност:** | | **Целна вредност:** 1% | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **3.1 Формирање општински фонд за поддршка на аплицирањето и реализацијата на ЕУ и други странски проекти** | 1. Изработка на елаборат за формирање фонд | 1. Прифатен елаборат | август – октомври 2016 | 30.000 ден./ буџет на Општината | Сектор за финансиски прашања, Одделение за ЛЕР |
| | 2. Промоција на идејата за потребата од формирање на фондот пред Советот и градоначалникот | 1. Потпишан меморандум за формирање фонд од страна на клучните засегнати страни | октомври 2016 | 30.000 ден./ буџет на Општината | Одделение за ЛЕР, ЦЗ, младински организации |
| | 3. Формирање фонд | 1. Функционален фонд | 2017 | 50.000 ден./ буџет на Општината | Одделение за ЛЕР, Сектор за финансиски прашања, Бизнис-сектор, |

| ОПШТИНА: Струмица | | | | ОБЛАСТ: МЛАДИ | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЕРСПЕКТИВА: Управување со буџетот (29%)** | | | | | |
| **Приоритет:** УБ 4. Зголемување на буџетските средства за маргинализираните групи на млади (7%) | | **Показател** 4.1 Процентот на зголемување на висината на средствата од буџетот на Општината за поддршка на маргинализираните групи млади на годишно ниво | | | |
| | | **Почетна вредност:** | | **Целна вредност: 20%** | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| **4.1 Подигање на свеста за маргинализираните групи млади** | 1. Истражување и анализа за бројот на маргинализираните групи млади во општина Струмица | 1. Публикувани наодите од истражувањето со статистички податоци разделени по пол | септември – декември 2015 | 30.000 ден./ буџет на Општината | Одделение за ЛЕР, ЦЗ, НВО кои се занимаваат со социјална заштита на маргинализирани лица |
| | 2. Презентација на анализата пред градоначалникот, Советот и бизнис- секторот | 1. Организирани најмалку 4 средби за презентација на наодите од истражувањето | јануари 2016 | 30.000 ден./ ЦЗ | Одделение за ЛЕР, ЦЗ, НВО кои се занимаваат со социјална заштита на маргинализирани групи |

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Акцискиот план може да се финансира со средства од буџетот на Општина Струмица, средства од буџетот на Република Македонија, средства од бизнис-заедницата и дополнителна финансиска помош и поддршка обезбедени преку финансирање проектни активности од страна на други национални и/или меѓународни институции и организации.

Покрај финансиските средства кои ќе бидат одобрени од страна на Советот на Општина Струмица и добиените средства во рамките на повиците за доставување проекти од министерствата, дополнителни финансиски средства за финансирање на активностите и проектите кои ќе произлезат од овој акциски план ќе се бараат од следниве извори:

| **Финансиска програма** | **Институција** |
|---|---|
| Различни програми и проекти | Влада на РМ |
| Финансирање проекти од областа на граѓанското општество | министерства при Владата на РМ<br>донатори и меѓународни финансиски институции |
| Инфраструктура | Министерство за образование и наука<br>Министерство за транспорт и врски<br>Министерство за животна средина<br>Министерство за труд и социјална политика<br>донатори и финансиски институции во РМ |
| Фондови на ЕУ, вклучително ИПА 1 и 2 | Европска комисија и Централното одделение за финансирање и договори (CFCD - Central Finance and Contracting Department) |
| Програми и проекти поврзани со младите, образованието, социјалната заштита, животната средина и спортот | национални агенции |
| Различни типови проекти | донаторите во РМ |
| Кредитни линии за општината | на пр. Проектот за подобрување на општинските услуги (Светска банка) |
| ЈПП | бизнис-секторот |

## МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

*Спроведувањето* на Акцискиот план ќе го врши градоначалникот во соработка со локалната администрација преку годишни програми изработени од страна на одговорните за неговото спроведување и одобрени од страна на Советот на општината.

*Реализацијата* на Акцискиот план се следи преку извештаи, дискусии, комуникација, ажурирање и дејствување. Извештаите се изготвуваат квартално, по определен редослед. Во текот на годината, релевантните општински раководители имаат редовни тематски тримесечни средби со вработените, градоначалникот и другите раководители на одделенија/сектори на кои се разгледуваат тековните моменти од спроведувањето на Акцискиот план, се дискутираат постигнатите резултати и индикатори за сите активности, проекти и програми во тековната година. Со овој процес се овозможуваат континуирано следење и контрола на Акцискиот план во текот на периодот за неговата имплементација, а во исто време е овозможено оценување на спроведувањето на планираните активности и мерки.

*Мерењето* на спроведувањето на Акцискиот план ќе се изведува на сите нивоа на спроведување за кои се утврдени индикаторите, поточно, на нивоата на стратешките приоритети, мерки и активности.

*Следењето* (контролата) на извршувањето на Акцискиот план ќе го вршат Советот на Општина Струмица и градоначалникот преку редовно следење на процесите на имплементација и годишните извештаи изработени од релевантните одделенија и сектори во Општината.

*Евалуацијата* на спроведувањето на Акцискиот план е со цел да се утврди степенот на реализација на дефинираните активности и дали и до кој степен се јавиле предизвици/проблеми во спроведувањето. Прецизната оценка на спроведувањето ќе даде јасни насоки во однос на понатамошното управување со спроведувањето на Акцискиот план. Евалуацијата ќе се реализира по завршувањето на имплементацијата на одреден збир поврзани активности, со цел да се измери нивното пошироко влијание, а во контекст на исполнување на стратешките приоритети и постигнување на визијата на Стратегијата. Освен претставувањето на резултатите постигнати во претходниот период, извештајот од евалуацијата треба да даде осврт и на планираните мерки и активности за следниот период. Извештајот треба да содржи доволно информации за реализираните и тековните активности, анализи и податоци за индикаторите на претходните и тековните активности, за постигнувањето на стратешките приоритети, а во исто време, и информации за планираните активности и начините за нивна реализација.